Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

[redacted]

До: Генерален секретаријат при Влада на Република Македонија


Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 09-2342/8
04 APR 2018 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk


Предмет: Доставување на Извештај за проценка на влијанието на регулативата

Врска: Наш број 09-2342/1

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Извештајот за проценка на влијанието на регулативата за Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица.

Со почит,

Министер
Мила Царовска

Изработил: Елеонора Доневска
Контролирал:Даниела Божиноска
Одобрил:Ирена Ристеска

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за труд и социјална политика |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ирена Ристеска<br><br>iristeska@mtsp.gov.mk<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Ул:„Даме Груев" бр.14 Скопје |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☐**Предлог** |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица се постапува по препораките од Државниот завод за ревизија. |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☐Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 26.02.2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 20.03.2018 година |

| | |
|---|---|
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 28.03.2018 |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица се постапува по препораките од Државниот завод за ревизија. Имено, по извршената ревизија на „Усогласеност на активностите и мерките преземени од корисниците на средства од Посебниот фонд на Агенцијата за вработување на Република Македонија" во 2016 година, донесени се препораки по однос на подобрување на условите за вработување на инвалидни лица и наменско користење на доделените средства од Посебниот фонд.

Постапувајќи и усогласувајќи се со препораките доставени во Конечниот извештај бр. 15-124/10 од 04.09.2017 година на Овластениот државен ревизор, а со цел наменско користење на доделените средства и уредување на постапката за вршење увид во наменското користење на овие средства, се наметна потреба од донесување на овој предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица .

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Постои потреба од надминување на одредени слабости и недоречености кај законските и подзаконските акти кои го уредуваат доделувањето и користењето на средствата од сметката на посебниот фонд, со што би се овозможило еднаков пристап во начинот на доделување на средствата и нивно наменско користење.

## 2. Цели на предлог регулативата

Предложените решенија имаат за цел доуредување на постапката за доделување на средства од Посебниот фонд, со цел наменско користење на доделените средства и начинот на вршење на увид во користењето на овие средства.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку останат постојните законски решенија во Законот за вработување на инвалидни лица нема да биде постапено по препораките на Државниот завод за ревизија и нема да се доуреди постапката за наменско користење на доделените средства од Посебниот фонд за вработување на инвалидни лица.

3.2 *Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Предложени се следниве законски решенија:

- Постапување по препораките содржани во Извештајот 15-124/10 од 04.09.2017 година на Државниот завод за ревизија за Усогласеност на активностите и мерките преземени од корисниците на средства од Посебниот фонд на Агенцијата за вработување на Република Македонија

- Доуредување на постапката за наменско користење на доделените средства од Посебниот фонд за вработување на инвалидни лица.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

4.1 *Економски влијанија*

4.2 *Фискални влијанија*

4.3 *Социјални влијанија*

Предложените решенија имаат за цел доуредување на постапката за доделување на средства од Посебниот фонд, со цел наменско користење на доделените средства и начинот на вршење на увид во користењето на овие средства. Се врши подобрување на текстот на Законот и се воведува категорија на самовработено лице наместо трговец поединец со што се врши усогалсување со одредбите на законите од обласста на социјалното осигурување (Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за здравствено осигурување и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

4.4 *Влијанија врз животната средина*

4.5 *Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

5.1 *Засегнати страни и начин на вклучување*

Министерство за труд и социјална политика, Заедница на заштитни трговски друштва (ЗАПОВИМ); Агенција за вработување на Република Македонија, Министерство за правда, Секретаријат за законодавство,

5.2 *Преглед на добиените и вградените мислења*

- член 1, член 16 став 8 и член 24-б зборовите трговец поединец се заменуваат со зборовите самовработено лице - Секретаријат за законодавство
- во член 6 став 8 се утврдува рокот за враќање на примените средства-забелешка од Секретаријат за законодавство
- член 22, зборовите трговец поединец се заменуваат со зборовите самовработено лице - Секретаријат за законодавство
- делумно прифатено мислењето во однос на член 16 каде е додаден нов став во врска со начинот на носење на решението- мислење од АВРМ
- член 16а став 1 точка 3 забелешката е прифатена - мислење од АВРМ
- член 18 став 4 забелешката за утврдување на рок и основ за донесување на решението се прифатени- мислење од АВРМ
- прифатена е забелешката во однос на донесувањето на подзаконските акти во рок од 30 дена од денот на објавувањето во сила на овој закон - мислење од АВРМ
- член 8 став 1 и 2 забелешки во однос на дефиницијата за самовработено лице – мислење ЗАПОВИМ
- делумно прифатено мислењето во однос на член 16 каде е додаден нов став во врска со начинот на носење на решението- мислење од ЗАПОВИМ
- член 16-а став 1 точка 3 се бришат зборовите и достави хипотека во однос 2;1 или банкарска гаранција во висна на одобрените средства како и втората реченица – мислење ЗАПОВИМ
- делумно се прифатени забелешките во однос на член 16а став 7 се прифаќа - мислење ЗАПОВИМ
- делумно се прифатени забелешките во однос на член 16-б став 7 и 8 кои се предвидени како нови ставов, а во врска со намалување на бројот на вработени лица како и утврден е рок за враќање на примените средства - мислење ЗАПОВИМ
- член 19 став 2 пропишување на начинот за спроведување на надзорот - мислење ЗАПОВИМ
- член 22, зборовите трговец поединец се заменуваат со зборовите самовработено лице- мислење ЗАПОВИМ
- член 24 нов став 2 предвидена е глоба за членови на управен одбор- мислење ЗАПОВИМ

5.3 *Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

- Услугата на КОРС за вештачење по член 2 од Законот да биде со надомест од средства од солидарниот Фонд- Мислење од ФПИМ – ова мислење не е земено во предвид од причини што средствата од посебниот фонд се

наменети само за вработување на инвалидни лица а не за административно технички работи

- член 18 став 2, 4 и 5 не се прифатени од причина што со овој член е уредена постапка за наменско користење на доделените средства од Посебниот фонд забелешка од Секретаријат за законодавство – (по добиените писмени забелешки, извршено е усно усогласување при што овие забелешки од страна на Секретаријатот за законодавство се повлечени).
- во член 2 по ставот 3 да се додаде нов став 4 во кој е предвиден рокот за важност на документите за утврдена инвалидност- мислење на ЗАПОВИМ од причини што не е неопходно за постапката ограничување на рокот на важност на документацијата
- член 16 а по ставот 2 да се додаде нов став 3 со кој се уредени условите за користење од средства за посебниот фонд во однос на набавка на опремата на физичко лице или трговец кој не е обврзник на ДДВ од причини што во ставот е уредено дека набавката се врши од правен субјект- мислење ЗАПОВИМ
- член 16 а став 3 , во случај на неисполнување на условите залогот на опрема не е прифатлив од причини што веќе е предвидена постапка и начин на враќање на средствата доделени за набавка на опрема- мислење ЗАПОВИМ
- член 16 а став 4 – мислење ЗАПОВИМ не се прифаќа од причина што и при иселување, смрт и остварување право на пензија потребно е да се одржи бројот на вработени инвалидни лица
- член 18 став 6 каде е предвиден залогот како гаранција не е прифатен од парични што предвидено е враќање на средствата, а не на опремата- мислење ЗАПОВИМ

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

- Постапување по препораките содржани во Извештајот 15-124/10 од 04.09.2017 година на Државниот завод за ревизија за Усогласеност на активностите и мерките преземени од корисниците на средства од Посебниот фонд на Агенцијата за вработување на Република Македонија и доуредувае на постапката за наменско користење на доделените средства од Посебниот фонд за вработување на инвалидни лица.

- Непостапување по препораките содржани во Извештајот 15-124/10 од 04.09.2017 година на Државниот завод за ревизија со што нема да се

надминат слабостите и недореченостите во одредбите од Законот за вработување на инвалидни лица

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

-Доколку не се пристапи кој изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица нема да се надминат слабостите и недореченостите содржани во постојниот закон.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

- Се препорачува со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица да се постапи по препораките содржани во Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија и да се надминат слабостите и недоречености во одредени одредби од постојниот закон.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*
ДА

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

ДА Подзаконски акт во рок од 30 дена од страна

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерство за труд и социјална политика ,

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Следењето ќе биде спроведено од страна на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Управниот одбор на Агенцијата преку вршење на увид во наменско користење на доделените средства од посебниот фонд согласно овој закон.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Ефектите од предлог законот ќе се утврдат согласно основаноста на жалбите до Министерството за труд и социјална политика.

**Изјава од државниот секретар**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:
....................................................

потпис на државен секретар

**Изјава од министерот**

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:_____________

.........................................

потпис на министерот